International Theatre Institute ITI
World Organization for the Performing Arts

## Пораката за Меѓународниот ден на танцот 2022 – 29 Април

### Авторка на пораката: Канг Су-Јин, Јужна Кореа

**Танчерка, уметничка директорка на Националниот Балет во Јужна Кореа**

Катастрофата наречена КОВИД-19 го запре животот во кој бевме слободни, гледано од оваа перспектива (бевме послободни), меѓу другото оваа таргедија не наведе да ги промислуваме значењата на „танцот'' и „танчерите''. Во далечното минато, танцот бил примарна комуникациска експресија, зборови изразени преку гестови; танцот претворајќи се во уметност на перформансот ги придвижува душите и ја инспирира публиката. Танцот е уметност на моментот и тешко е да се реставрира во нејзината оригинална форма и облик, тогаш кога станува завршен, бидејќи е создаден со целото тело и душа. Танцот се создава во ефемерни моменти, ги одредува танчерите да бидат засекогаш во движење. Додека КОВИД-19 ѝ наметна рестрикции па дури ја блокира уметноста на танцот во нејзината изворна изразна форма...

Иако состојбата денес постепено се подобрува, танцовите изведби сеуште се предмет на многу рекстрикции и ограничувања. Ова ни предизвикува да ги цениме сите драгоцени моменти и сеќавања од времето кога танцот и танчерите блескаа како скапоцени камења на сцена, победувајќи ја човечката агонија и анксиозност, волја и надеж за живот и просветлен свет.

Исто така битно е да не се заборави пост-шокот од Црната смрт во средновековна Европа; во балетот Жизел се одразува љубовта над смртта и беше за првпат изведена во Париската Опера на 28 јуни 1841 г. и се стекна со експлозивни реакции и фасцинација. Оттогаш, Жизел се изведува низ цела Европа, во целиот свет, за да ги утеши и охрабри душите на човештвото избезумени од пандемијата. Јас така ги разбирам нештата во Жизел, токму тоа ова дело ни го демонстрира, односно извонредниот дух на балерината која се обидува да ја избегне гравитацијата на страдањата во светот.

Осамената и истоштена публика е жедна да ги теши и поддржува танчерите.  Како танчери ние веруваме дека ширењето на нашите танцови крилја им дава надеж во срцата на оние кои ја љубат уметноста на танцот и им дава храброст да ја надминат  пандемијата.

Моето срце почнува повторно да отчукува танцувајќи.

*Канг Су-Јин*

**Превод на македонски јазик: д-р Иванка Апостолова  (Македонски центар ИТИ/ПРОДУКЦИЈА)**